РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 0802-24
09.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.0802-24 од 23.01.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.0802-24 од 05.02.2024 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, арх.бр.0201-605/6 од 07.02.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 07.02.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 4-та седница одржана на 25.01.2024 г., со Заклучок, арх.бр.0201-399/6 од 26.01.2024 г., го усвои Предлогот Уп1 бр.0802-24 од 23.01.2024 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, доставен од предлагачот, д-р Зоран Трајчевски, директорот на Агенцијата и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 г., поради тоа што по извршениот вонреден, административен надзор, во Извештајот арх.бр.03-354/1 од 18.01.2024 г., беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 26.01.2024 г. до погоре наведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.0802-24 од 26.01.2024 г., со кој беше известен дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во погоре цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Известувањето Уп1 бр.0802-24 од 26.01.2024 г., беше доставено до ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар и уредно примено од радиодифузерот на 29.01.2024 г.

На 01.02.2024 г. до директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, доставен е Писмен извештај за извршен контролен административен надзор арх.бр.0304-577/1 од 01.02.2024 г., во кој е констатирано дека ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, по што од страна на директорот до Советот на Агенцијата доставен е Предлог арх.бр.0802-24 од 05.02.2024 г., за донесување решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 г.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.0802-24 од 23.01.2024 г. и Предлогот Уп1 бр.0802-24 од 05.02.2024 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот, арх.бр.0201-605/6 од 07.02.2024 г., Советот на Агенцијата на 5-та седница одржана на 07.02.2024 г., ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 г. на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).